**201909801250**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1, 2 и 3 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 24 април 2019 година.

Бр. 08-2601/2
17 мај 2019 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

Член 1

Во Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19), во член 75 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за платеното политичко рекламирање во текот на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување, сметано на секои 12 часа емитувана програма, вклучувајќи го и бесплатното политичко претставување на учесниците во изборната кампања.“.

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (4) и (5), редоследно.

Член 2

Во членот 75-ѓ став (1) по зборовите: „политичките партии на власт“ се додаваат зборовите: „или кандидати“, по зборовите: „политичките партии во опозиција“ се додаваат зборовите: „или кандидати“ и по зборовите: „политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија“ се додаваат зборовите: „или кандидати“.

Во ставот (2) по зборовите: „една политичка партија“ се додаваат зборовите: „или кандидат“, а по зборовите: „иста политичка партија“ се додаваат зборовите: „или ист кандидат“.

Член 3

Во членот 76-д став (5) зборовите: „десет дена по“ се заменуваат со зборовите: „не подолго од 90 дена сметано од денот на“.

Член 4

Во членот 78-а став (3) по зборовите: „Политичките партии“ се додаваат зборовите: „или кандидатите“.

Член 5

Во членот 181-а став (1) алинеја 3 зборовите: „член 75 став (3)“ се заменуваат со зборовите: „член 75 став (4)“.

Во алинејата 4 зборовите: „член 75 став 4“ се заменуваат со зборовите: „член 75 став (5)“.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

__________